Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА
СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

ИП1 бр. 29-126
Дата: 13.02.2026 година

[redacted]


Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243


Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022, кој го донесува инспекцискиот акт врз основа на член 52 став 1, а во врска со член 56 став 1 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (Службен весник на РСМ бр. 215/21, 73/24), во врска со извршениот вонреден инспекциски надзор над работењето на субјектот на надзор Друштво за производство, трговија и услуги ЛЕО АУТОМОТИВЕ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. Ганчо Хаџи Панзов бр. 2 Велес, застапувано од Живко Костовски-управител, со адреса на живеење на ул. Ганчо Хаџи Панзов бр. 2 Велес, ЕМБГ 1809989480011, а врз основа на фактичката состојба утврдена со Записник бр. 29-126 од 06.02.2026г. го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОПОМЕНУВА** Друштвото за производство, трговија и услуги ЛЕО АУТОМОТИВЕ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. Ганчо Хаџи Панзов бр. 2 Велес, да ги отстрани недостатоците утврдени во Записник бр. 29-126 од 06.02.2026г. и тоа:

1.1 Да се регистрира во Регистерот на производители кај стручниот орган-Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, од член 14 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.
Рок:15 (петнаесет) дена од приемот на решението.

1.2 Да ги достави на увид сите податоци од материјалната евиденција, да направи пресметка преку овластен сметководител за вкупната количина возила кои се пуштени на пазарот во државата во 2024г. и 2025г., да го плати надоместокот согласно прописите за посебните текови на отпад и да обезбеди потврда за платен надоместок.
Рок: 30 (триесет) дена од приемот на решението.

1.3 Да ја исполни обврската за остварување на проширената одговорност на производителот преку воспоставување на самостоен систем за управување со посебните текови на отпад или вклучување во систем на колективен постапувач

за управување со посебен тек на отпад, кој поседува дозвола согласно со прописите за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.
Рок: 30 (триесет) дена од приемот на решението.

[redacted]

2. Субектот на инспекциски надзор од точка 1 на диспозитивот на овој инспекциски акт, е должен веднаш по истекот на најдолгиот рок определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена по истекот на истата писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

3. Жалбата изјавена против овој инспекциски акт, не го одлага неговото извршување.

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот инспекторат за животна средина, врз основа на член 14, 17 и 18 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (Службен весник на РСМ бр. 215/21, 73/24), преку ДИЖС Биљана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022 изврши вонреден инспекциски надзор над Друштвото за производство, трговија и услуги ЛЕО АУТОМОТИВЕ ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. Ганчо Хаџи Панзов бр. 2 Велес, со законски застапник/управител Живко Костовски, со адреса на живеење на ул. Ганчо Хаџи Панзов бр. 2 Велес, и состави Записник бр. 29-126 од 06.02.2026г., во кој е констатирано дека:

Субјектот на надзор е регистриран за вршење на дејност - Трговија на мало со моторни возила од 21.11.2018г. Во 2024г. извршил увоз на 13, а во 2025г. на 16 половни возила. Согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад, субјектот на надзор е производител согласно член 5 став 1 точка 5 од Законот, кој на пазарот во државата пласира производи (возила), со чија употреба се создава отпад кој припаѓа на посебните текови на отпад и е должен да се грижи за отпадот што се создава од производот што го пушта на пазарот.

Субјектот на надзор не е регистриран во Регистерот на производители и не поседува Потврда со регистрациски број издадена од Стручниот орган-Управата за животна средина.

Субјектот на надзор не ги спровел обврските од член 18 од Законот:

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Државен инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e mjedisit jetësor
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor

- Не извршил воспоставување на самостоен систем за управување со отпад (возила) или вклучување во систем со колективен постапувач за управување со посебен тек на отпад (возила), и

- Нема платено надоместок за управување со посебен тек на отпад за 2024г. и 2025г. на начин и во висина утврдена во прописите за посебните текови на отпад. Законски утврдениот рок за плаќање на надоместокот во Законот за дополнителни текови на отпад започнува од 01.01.2024г., а во 2024г. и 2025г. субјектот на надзор вршел увоз и пласирање на возила на пазарот во државата.

При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности и недостатоци од работењето на субјектот на инспекцикиот надзор:

- Не е регистриран во Регистерот на производители и не поседува Потврда со регистрациски број издадена од Стручниот орган-Управата за животна средина, согласно член 14 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад, а бил должен да се регистрира најдоцна до 31 март 2022 година, согласно член 65 став 5 од Законот.

- Обврските утврдени во член 17 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад, за производите кои ги пуштил на пазарот на територијата на Република Северна Македонија не ги остварува во согласност со одредбите од член 18 од Законот, односно нема платено надоместок за управување со посебен тек на отпад за 2024г. и 2025г., на начин и во висина утврдена во прописите за посебните текови на отпад, согласно член 18 став 1 алинеја 1, став 2, 3, 4 и 5 од Законот проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад. Надоместокот, обврската за начинот на пресметување, уплатување како и за водење на евиденција за пресметаниот и уплатениот надоместок се утврдени во член 23 и член 24 Законот за управување со дополнителни текови на отпад (Службен весник на РСМ бр. 216/21, 195/22). Согласно член 72 став 5 од Законот за управување со дополнителни текови на отпад (Службен весник на РСМ бр. 216/21, 195/22), одредбите од членовите 23 и 24 ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2024г.

- Нема воспоставено самостоен систем или вклучување во систем со колективен постапувач за управување со посебен тек на отпад (возила), во согласност со член 18 став 1 алинеја

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

2 и 3 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад.

[redacted]

Согласно член 70 став (2) од Законот за инспекциски надзор, жалбата против овој инспекциски акт не го одлага неговото извршување.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на овој инспекциски акт.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против овој инспекциски акт незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на истиот.

За жалбата се плаќа административна такса од 250,00 (двеста и педесет) денари на: Назив на примачот: Трезорска сметка, Банка на примачот: Народна банка на Република Северна Македонија, жиро сметка: 100000000063095, Уплатна сметка: 840-111-03182, Приходна шифра: 722 315 00, Цел на дознака: Административна такса.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243